Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 75/19,89/22, 274/22 и 208/24), а во врска со Правилник за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/2024) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седница одржана на 15.11.2024 година, донесе

# **О Д Л У К А**
## **за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен одбор на ЈКП „Дервен" Велес (по четврти пат)**

**Член 1**

Општина Велес објавува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен одбор на ЈКП „Дервен" Велес

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

**Член 3**

Постапката за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен" Велес, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Велес.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-4529/32
18.11.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
-Градоначалник;
- Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа;
-ЈКП ,,Дервен" Велес и
-Списи и архива.